РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

09-1077/4
16 -05- 2019

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 16 - та седница одржана на ден 10 мај 2019 година донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 09-1077/1 од 06.03.2019 година, односно не е утврдено влијание при постапка за вработување на блиско лице, од страна на избраното лице, во конкретниот предмет поранешен Градоначалник на Општина Лозово, Орце Цветковски.

Предметот со број 09-1077/1 од 06.03.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-1077/1 од 06.03.2019 година е оформен врз основа на добиени сознанија од медиумите во Република Северна Македонија, а се однесува за утврдување постоење судир на интереси во постапка за вработување на Милчо Цветковски во ЈВП Лисиче - Велес, син на поранешниот Градоначалник на Општина Лозово, Орце Цветковски.

По добиени сознанија, од медиумите во Република Северна Македонија, Државната комисија за спречување на корупцијата заклучи, согласно член 76 став 1 и 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по службена должност, иницира и поведе постапка за утврдување постоење судир на интереси за лицето Милчо Цветковски.

Државната комисија за спречување на корупцијата се обрати до ЈВП Лисиче - Велес, со цел прибирање на документи, податоци и информации заради утврдување на фактичката состојба и испитување на наводите од медиумите за постоење на состојба на судир на интереси.

Побараните податоци од наведената институција беа уредно доставени, согласно законскиот рок.

На седницата одржана на ден 10 мај 2019 година, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека не се потврдуваат наводите за влијание од страна на поранешниот Градоначалник на Општина Лозово, Орце Цветковски, бидејќи лицето Милчо Цветковски е вработено на систематизирано работно место согласно Законот за јавните службеници што во наведениот период бил во сила и е започната во месец декември 2014 година преку Агенцијата за администрација, каде и по спроведената постапка по Оглас за вработување

на еден извршител-„Инжињер за машински работи на објект Брана „Лисиче" приложени докази, и тоа: согласност од Министерство за финансии за обезбедени средства, потврда за тоа дека огласеното место не е пополнето, објавениот оглас; документи за исполнување на условите од именуваниот; решение за формирање на Комисија за селекција на јавен службеник; Записник од административна селекција на јавен службеник заради спроведување на интервју за потребите на ЈПВ Лисиче Велес, со бодовна листа по сите основи и Ранг листа доставена до директорот на ЈВП „Лисиче" Велес.

Имено, од доставената документација, ДКСК утврди дека постапката за вработување е спроведена согласно одредбите од законот за јавните службеници, истата не е повредена, а кандидатот Милчо Цветковски освоил најмногу бодови и бил прв на ранг листата, при што директорот постапил согласно препораката на комисијата и извршил избор на прворангираниот.

Имајќи предвид фактот дека наводите за влијание на службеното лице Орце Цветков- поранешен Градоначалник на општина Лозово, при вработување на неговиот син Милчо Цветков во ЈВП „ЛИСИЧЕ" Велес не се потврдуваат бидејќи општината не е орган што врши надзор над ЈВП „ЛИСИЧЕ" Велес, што е основано од Владата на Република Северна Македонија и истото е во државна сопственост, поради тоа нема повреда на член 56 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси каде е утврдено: "Службено лице не смее да врши влијание за вработување или унапредување на блиско лице во органот во кој е избрано или именувано или во друг државен орган или јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице што располага со државен капитал врз кое врши надзор органот во кој лицето е избрано, односно именувано."

Согласно погоре наведеното не е утврдено влијание при постапка за вработување на блиско лице, од страна на избраното лице, во конкретниот случај син на поранешен Градоначалник на општина Лозово, Орце Цветковски.

Врз основа на погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**